**Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
Бр. 09-54/1
13.01. 2014 год.


Кабинет на директор

ул "Руѓер Бошковиќ" бб
1000 Скопје
Република Македонија
тел. ++389 2 3063 065
факс ++389 2 3061 057
е-пошта
bro.macedonia@bro.gov.mk
www. bro.gov.mk


До: **Директорот и стручната служба**

Предмет: **Јавна расправа по нацрт стандардите за наставник-ментор и наставник-советник**

Почитувани,

**Македонскиот центар за граѓанско образование и Бирото за развој на образованието, со поддршка на УСАИД, го реализираат проектот за професионален и кариерен развој на наставниците.** Целта на проектот е да го подобри и унапреди професионалниот развој и да овозможи соодветни услови за спроведување на кариерниот развој на наставниците. *Експертска група составена од претставници од Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Државниот испитен центар, наставничките факултети и практичари од училиштата изработија нацрт стандарди за наставник - ментор и нацрт стандарди за наставник - советник.*

Каталогот на основните професионални компетенции за наставници беше основа за изработка на овие документи. Особено не радува фактот што во нивната изработка беа вклучени добиените мислења од основните и средните училишта.

Во стандардите за наставник - ментор се определуваат компетенциите што наставникот треба да ги поседува за да се стекне со звање наставник - ментор, додека во стандардите за наставник - советник се определуваат компетенциите што наставникот со звање ментор треба да ги поседува за да се стекне со звање наставник – советник.

Овие документи понатаму ќе се користат за:

- Планирање на професионалниот развој на наставниците;
- Изготвување на процедури и инструменти за следење на работата на наставниците и давање стручна поддршка;
- Подобрување на законската регулатива и актите кои се однесуваат на професијата наставник.

Со цел да се овозможи транспарентност и сеопфатност на процесот како и вклученост и информираност на сите заинтересирани страни во процесот на градење и финализирање на стандардите, во периодот меѓу 15 јануари до 15 февруари очекуваме наставниците во вашето училиште да ги разгледаат, дискутираат и да ни пратите повратна информација со коментари и предлози за подобрување на стандардите на prasalnik@mcgo.org.mk.

Истите ќе бидат разгледани од страна на Експертската група за изработка на конечната верзија на Стандардите за наставник - ментор и за наставник - советник, која ќе биде доставена за одобрување до

**Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**

Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Бидејќи стандардите за наставник – ментор и наставник - советник претпоставуваат дека претходно на високо ниво се достигнати основните професионални компетенции на наставниците треба и нив да ги имате предвид при разгледувањето на стандардите.

На интернет адресава: http://www.mcgo.org.mk/usaid-teacher-professional-and-career-development-project/, можете да ги најдете следниве документи во делот Documents:

1) Нацрт стандарди за наставник – ментор;
2) Нацрт стандарди за наставник – советник, и
3) Каталог на основните професионални компетенции за наставници (конечна верзија во која се вметнати коментарите и препораките добиени од училиштата и наставниците).

Ви благодариме за вашето учество и придонес.

Скопје, 13 јануари 2014

м-р Весна Хорватовиќ
Директор
Биро за развој на образованието